**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Соопштение до јавноста**

**Почитувани,**

Поради се почестата злоупотреба на Фондот за здравствено осигурување од граѓани кои собираат донации за лекување во странство, принудени сме да реагираме во јавноста.
Во последно време има наплив на барања кои кружат на социјалните мрежи со молба граѓаните да се солидаризираат и да помогнат со уплата на телефонските броеви за донација или директно на сметка во банка.

Станува збор за собирање на донации за случаи каде што воопшто не било поднесено конзилијарно мислење, односно не било побарано лекување на товар на Фондот.
Често се случува да се злоупотреби ФЗО бидејќи барањата кружат со изговор дека„ Фондот не одобрува“, иако пациентот воопшто не поднел документи во ФЗО, а со тоа не побарал лекување во странство преку Фондот.

Со ова, не само што се злоупотребува институцијата, Фонд за здравствено осигурување, туку се манипулира и со граѓаните. Фондот е запознаен со повеќе случаи кои на ваков начин собираат финансиски средства од граѓаните.
Еден од низата е случајот каде што се бараат 16 500 евра за итна операција на 13 годишно девојче на Институтот за ортопедија во Бањица. Под фотографијата на девојчето која се споделува на социјалните мрежи каде со зелени крупни букви пишува „УРГЕНТНО“, стои дека операцијата во Бањица „ Фондот не ја поддржува“.

Ја информираме јавноста дека за конкретниот случај во ФЗОРСМ **ВООПШТО** нема поднесено барање за лекување во странство.

Контактиран е родителот кој објасни дека не му е потребно лекување преку ФЗО, туку се решил да собира донации за операција во Бањица и објасни зошто се одлучил на ваков чекор, процедура од која евидентно е дека не е запознаен со деталите од постапката.

**Njoftim për publikun**

**Të nderuar,**

Për shkak të abuzimit të shtuar të Fondit të Sigurimit Shëndetësor nga ana e qytetarëve që mbledhin donacione për trajtim jashtë vendit, jemi të detyruar të reagojmë publikisht.
Kohët e fundit në rrjetet sociale ka një mori kërkesash me lutje që qytetarët të solidarizohen dhe të ndihmojnë me pagesë në numrat e telefonit për donacione apo drejtpërdrejt në llogaritë bankare.

Bëhet fjalë për grumbullimin e donacioneve për rastet kur aspak nuk është paraqitur mendim konsiliar, pra nuk është kërkuar trajtim në shpenzimet e Fondit.

Ndodh shpesh që të abuzohet me FSSH-në për shkak se kërkesat shpërndahen me pretekstin se “Fondi nuk miraton”, edhe pse pacienti nuk dorëzon asnjë dokument në FSSH, dhe kështu nuk kërkon trajtim jashtë vendit nëpërmjet Fondit.

Kjo jo vetëm abuzon institucionin, Fondin e Sigurimit Shëndetësor, por manipulon edhe qytetarët. Fondi është në dijeni edhe për disa raste që në këtë mënyrë grumbullojnë mjete financiare nga qytetarët.

Një nga rastet është rasti ku nevojiten 16 500 euro për operacion urgjent të një vajze 13-vjeçare në Institutin e Ortopedisë në Banicë. Poshtë fotografisë së vajzës që shpërndahet në rrjetet sociale, me shkronja të mëdha të gjelbra “URGJENTE”, qëndron se operacionin në Banicë “Fondi nuk e mbështet”.

Njoftojmë opinionin publik se për rastin konkret në FSSHRMV, **ASPAK** nuk është parashtruar kërkesë për trajtim jashtë vendit.

Kemi rënë në kontakt me prindin, i cili sqaroi se nuk ka nevojë për trajtim përmes FSSH-së, por ka vendosur të mbledhë donacione për operacion në Banicë dhe sqaroi se përse ka vendosur për një hap të tillë, procedurë për të cilën duket se nuk është njohur me detajet e saj.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor iRepublikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa:Rr. Maqedonia, nr.5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Ја објаснуваме постапката за упатување на лекување во странство која се поведува по барање на осигуреното лице.

Кон барањето осигуреното лице поднесува:
- предлог за упатување на лекување во странство од соодветната универзитетска клиника во Скопје;
- потребна медицинска и друга документација за текот на лекувањето во здравствените установи во Р.Македонија.

Согласно член 4 став 1 од Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство, предлогот за упатување на лекување во странство го дава клиничкиот конзилиум од најмалку тројца лекари субспецијалисти/специјалисти и директорот на соодветната универзитетска клиника во Скопје и важи шест месеци од денот на издавањето.

Понатаму предметот со целокупната документација се разгледува од страна на лекарските комисии, при што по донесување на оценка и мислење се носи соодветен управен акт од страна на Фондот.

Укажуваме, да не се пишуваат дезинформации во барањата кои се споделуваат на социјалните мрежи и да не се злоупотребува ФЗОРСМ во случаите каде воопшто не било побарано лекување преку Фондот бидејќи на ваков начин се руши угледот на институцијата, се создава погрешна перцепција во јавноста, а се манипулираат и граѓаните.

Со почит, ФЗОРСМ

Sqarojmë procedurën e referimit për trajtim jashtë vendit e cila inicohet me kërkesë të personit të siguruar.

Krahas kërkesës, personi i siguruar parashtron:
- propozim referimi për trajtim jashtë vendit nga klinika përkatëse universitare në Shkup;
- dokumentacion të nevojshëm mjekësor dhe dokumentacion tjetër për rrjedhën e trajtimit në institucionet shëndetësore në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Në bazë të nenit 4 paragrafi 1 i Rregullores për mënyrën e shfrytëzimit të shërbimeve shëndetësore të personave të siguruar jashtë vendit, propozim referimin për mjekim jashtë vendit e jep këshilli klinik prej së paku tre mjekëve subspecialistë/specialistë dhe drejtori i klinikës universitare përkatëse në Shkup dhe është e vlefshme për gjashtë muaj nga data e lëshimit.

Më tej, lënda me të gjithë dokumentacionin shqyrtohet nga komisionet mjekësore dhe pas vlerësimit dhe mendimit miratohet akti përkatës administrativ nga Fondi.

Theksojmë, të mos shkruhet dezinformata në kërkesat që shpërndahen në rrjetet sociale dhe të mos abuzohet me FSSHRMV-në, në rastet kur nuk është kërkuar trajtim përmes Fondit sepse në këtë mënyrë prishet reputacioni i institucionit, krijohet një perceptim i gabuar në publik dhe me këtë manipulohen edhe qytetarët.

Me respekt, FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor iRepublikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa:Rr. Maqedonia, nr.5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk